РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 08-4907/3
27.09.2024 год.
КАВАДАРЦИ

**Записник за проверка дали кандидатите ги доставиле доказите за исполнување на условите во јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ – ГАС Кавадарци бр.03/24**

Согласно член 4 став 3 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведување на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на РСМ"бр.283/22), Комисијата за селекција за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци формирана со Решение на Совет на Општина Кавадарци со арх.бр.08-4552/22 од 22.08.2024 година, во состав претседател Јасминка Ѓорѓиева Тодоров, член Надица Алексова и член Славица Игнатовска, на ден 27.09.2024 година во просториите на Општина Кавадарци одржа состанок на кој изврши проверка дали кандидатите ги доставиле доказите за исполнување на условите по објавениот Јавен повик бр.03/24.

Во врска со Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци бр.03/24 со архивски бр.08-4907/1 од 04.09.2024 година објавен на ден 10.09.2024 година на веб-страницата на Општина Кавадарци, на веб-страницата на јавно претпријатие Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци и на огласна табла во Општина Кавадарци, Комисијата за селекција за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци изврши проверка на доставените пријави.

Комисијата изврши проверка и утврди дека има пристигнато само 1-уредна пријава при што констатира дека нема доволно уредни кандидати за да продолжат во наредната фаза од постапката бидејќи Јавниот повик е распишан за избор на три членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци.

Согласно горенаведеното се одлучи да се повтори постапката за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци.

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА**

**Претседател Јасминка Ѓорѓиева Тодоров** ______________

**член Надица Алексова** ______________

**член Славица Игнатовска** ______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ